# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2020 ГОДИНА

ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ СОС ДЕТСКО СЕЛО



СОС ДЕТСКО СЕЛО
Ниту едно дете не треба да расте само

# содржина


**ИЗВРШНО РЕЗИМЕ** 4

1. Национален контекст и засегнати страни
2. Статус на имплементација на стратегијата 5
   2.1 Научени лекции (lessons learned)
   2.2 Вкрстени области (Cross-cutting topics)
   2.3 Клучни активности за самоодржливост 6
3. Краток преглед на клучните програми 7

**1. НАЦИОНАЛЕН КОНТЕКСТ И ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ** 8

1.1 Општ опис на националниот контекст
1.2 Клучни партнери на национално ниво 9

**2. АНАЛИЗА НА РАБОТАТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО** 10

2.1 Општ опис на националниот контекст
   2.1.1 Алтернативна грижа
   2.1.2 Зајакнување на семејствата 11
   2.1.3 Грижа за младите и можности за вработување 12
   2.1.4 Застапување 13
   2.1.5 Човечки ресурси 14
   2.1.6 Внатрешни процеси и дигитализација 15
   2.1.7 Развој на фондови 16
2.2 Вкрстени теми 18

**3. ПРЕГЛЕД НА ПРОГРАМИТЕ** 19

3.1 Приватна установа СОС Детско Село Скопје

**Проект** 21
ЗАЈАКНУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ ПРЕКУ НОВИ МОЖНОСТИ

**Проект** 22
”ПРАВНА ПОДДРШКА НА РАНЛИВИ ЖРТВИ НА НАСИЛНИ КРИВИЧНИ ДЕЛА”

ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ 23

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

## 1. Национален контекст и засегнати страни

Во 2020 година, работата на организацијата СОС Детско Село беше под влијание на социјалните реформи и пандемијата на КОВИД 19. Социјалните реформи започнаа во 2018 година а основата за овие реформи беше стратегијата за Деинституционализација во која важен сегмент беше да се обезбеди поволна правна рамка за спроведување на социјалните реформи. Се изготви нов закон за социјална заштита, кој за прв пат отвори можности за спроведување на социјални услуги и плурализација на пазарот на социјални услуги во земјата. Во 2019 и 2020 година започна изготвувањето на подзаконски акти, кои се основа за лиценцирање на даватели на социјални услуги. СОС Детско Село активно учествуваше со својата експертиза и средства во подготовката на некои од овие подзаконски акти. Во ваква поволна законска рамка, МТСП доби грант од Светска банка и ги покани општините да аплицираат за воспоставување социјални услуги во согласност со приоритетите на општините. Во оваа насока, СОС Детско Село, во соработка со Општина Гази Баба и Општина Шуто Оризари подготви предлог проект за отворање на советодавни услуги за деца и родители. Ова го овозможи долгорочното партнерство со општините каде работи СОС Детско Село, но исто така ги отвори можностите за субвенционирање и финансиска одржливост на советодавните услуги. Новите законски услови даваат можности за трансформација на концептот СОС Детско Село во установа која обезбедува различни социјални услуги на заедницата и можност за отворање на СОС Центар за поддршка на згрижувачки семејства, кој ќе ги поддржува згрижувачките семејства во рамките на новите стандарди и норми.

Во изминатиот период многу меѓународни организации инвестираа во различни области на ДЕИ процесот во земјата. Владата на Р.Северна Македонија на владина седница во 2020 година ја разгледа и усвои Стратегијата и акциониот план за спречување и заштита на децата од насилство во земјата. СОС Детско Село е член на Националниот совет за спречување на насилство и активно учествуваше во изработката на стратегијата и акциониот план. Министерството за труд и социјална политика, со Одлуката за утврдување на цените на социјалните услуги за заштита за вон-семејна грижа од за 2020 година, го зголеми месечниот додаток за 30% што го добива Згрижувачот семејство за згрижено дете.

Северна Македонија на 18 март 2020 година прогласи вонредна состојба на целата територија на земјата. Државата



се фокусираше на четири примарни ризици: ризик за ширење инфекции; економски ризик, вклучувајќи загуба на приход и влошување на квалитетот на животот за најранливите граѓани; ризик од нарушен пристап до услуги; и ризик од влошување на процесот на учење.

Во 2020 година, на СОС Детско село главниот партнерски фокус е: Тесна соработка со Министерството за труд и социјална политика во развивање на 2 Правилника за социјални услуги, подготвување апликации за проекти со 2 општини за воспоставување нови социјални услуги во заедницата и партнерство со 4 локални невладини организации во подготовка и спроведување на 2 Проектни апликации финансирани од ЕУ. Партнерствата и обединувањето на ресурсите со другите засегнати страни се покажа како пристап кој дава поголеми резултати и има поголемо влијание.

## 2. Статус на имплементација на стратегијата

### Достигнувања

- СОС Детско Село ја зајакна соработката со Министерството за труд и активно учествуваше во развивањето на подзаконските акти и новите правилници за социјални услуги. Со новиот Закон за Социјална Заштита и новите подзаконски акти и наше влијание за социјалната плурализација со што се отвораат вратите и за невладините организации да испорачуваат социјални услуги и да ја зајакнат самоодржливоста.
- СОС Детско село лиценцираше една социјална услуга со план да лиценцира уште 3 нови услуги во 2021 година кои ќе бидат субвенционирани од страна на државата.
- Проширено е и зајакнато партнерството со општините Гази Баба и Шуто Оризари, што резултираше со 2 одобрени апликации од МТСП.
- Практиките во идентификување на нови извори на приходи се во имплементација и организацијата инвестираше во создавање на силен тим за обезбедување на локални приходи, што треба да не однесе на едно повисоко ниво на самоодржливост во наредниот период со крајна цел комплетно локално финансирање на организацијата.
- Аплициравме и добивме фонд за инвестиција во развој на обезбедување на средства ( Fundraising) за период од 3 години
- Инвестиравме во системот за човечки ресурси икомпензација на вработените, со цел организацијата даостане на нивото на атрактивен работодавач и да обезбеди лојалност и посветеност на вработените
- Имаме стабилно и силно управување од страна на Управниот Одбор кој има избалансирана структура. Управниот Одбор е поддржувачки и има висок сензибилитет за промените на организацијата кои треба постојано да се усогласуваат и со националниот и со интернационалниот контекст

### Предизвици

- Главниот предизвик беше влијанието на КОВИД 19 на сите полиња на работење на организацијата. Првенствено фокусот беше одржување на безбедна и сигурна средина на корисниците и вработените и нивното физичко и ментално здравје. Под постојани државни и организациски мерки, се реализираа планираните активности и услугите за корисниците. Постојана распределба на вработени заради позитивен тест или самоизолација и комбинирано работење од дома .
- Заради големиот удар на економијата, во Мај 2020 беше јасно дека тешко ќе се остварат планираните таргети за 2020 заради тоа што беше направен ребаланс на буџетоти скратен за 60.000 евра.
- Социјалните реформи беа драматично забавени во првата половина на годината и тоа придонесе за одлагање на некои од активности во 2021 година, поврзани со лиценцирање на нови услуги.
- Договорот со МТСП за веќе одобрените проекти соопштините Гази Баба и Шуто Оризари доцни заради одложените социјални реформи и усвојувањето на планираните правилници за Центар за поддршка на Згрижувачки Семејства, Правилникот за Установи и Правилникот за Куќа на пола пат.

## 2.1 Научени лекции (lessons learned)

- Во кризи приоритетите драматично се менуваат и владата може да стане конкурент во обезбедување на средства и донации на невладиниот сектор.
- При партнерска реализација на проекти, треба да се здружуваме со кредибилни и сигурни партнери кои ќе го зголемат нашето влијание во заедницата.
- Работењето под притисок и кризната ситуација со КОВИД ја демонстрираше силата и моќта на нашите вработените да се справат со истата при што се истакнаа сите оние кои се подготвени за ‘’ extra mile’’. Сплотеноста на тимовитесе зајакна и се унапреди тимската работа кај повеќето програми.
- Работата од дома се покажа како добра и ефикасна пракса за некои позиции

## 2.2 Вкрстени области (Cross-cutting topics)

Во 2020 година, согласно нашата интерна политика за Заштита на децата, три области добија посебно внимание: имплементација на акциониот план врз основа на надворешната ревизија на Заштитата на децата, ублажување на предизвиците предизвикани од ограничувањата на пандемијата КОВИД-19 и зајакнување на капацитетите на организацијата за справување со сајбер насилство. Најважните активности и достигнувањата во рамките на акциониот план за ревизија на беа: обезбедување на онлине обука преку за сите вработени за Кодексот на однесување, обезбедување потврда за неосудуваност за сите вработени, подобрување на разбирањето за процесот на Заштитата на децата и разликата од целокупниот процес на грижа за децата , спроведување локална вежба за мапирање и спроведување на само евалуација и проценка на ризиците за децата во рамките на организацијата.



## 2.3 Клучни активности за самоодржливост

- Во 2020 година, нашиот силен фокус беше посветенна соработката со Министерството за труд и социјална политика со цел да ја одржиме позитивната соработка во процесот на социјалните реформи и усогласувањето на нашите програми со новиот социјален закон до декември 2020 година.

- Покрај тоа, ние укажавме и влијаевме на пролонгирањена рокот за законско усогласување од декември 2020 година до јуни 2021 година, бидејќи КОВИД-19 влијаеше на динамиката на Владата за развој на под-законодавство.

- Лиценцирање на една социјална услуга (програма за млади) и постигнување на зголемување на државните субвенции за овие услуги ( од 18.000 ден на 25.500 по дете)

- Аплицирање за IF4C фондот и обезбедување на средства за да го развиеме нашиот фундразинг систем посебно во индивидуално посветено донаторство.

- Учествувавме во развој на апликации за партнерскипроекти на „теми за учество на млади“ со национални невладини организации ( Коалиција СЕГА, Млади Правници) финансирани од ЕУ. Имплементацијата на Проектот со Коалиција сега започнува во 2021 година и времетраењето на проектите е 40 месеци, завршувајќи во 2024 година, а партнерскиот Проект со Млади правници завршува во 2021 година.

- Работевме на подготовка на комплексна Регионална проектна апликација, во партнерство со Херман Гмајнер Фондацијата и финансиер Германско Министерство за Економска Соработка и развој. Истата ќе се аплицира во 2021 и потенцијално треба да обезбеди 700.000 евра за 36 месеци за активности поврзани со поддршка на процесот на Деинституционализација

- Подготвивме 2 апликации за развој на социјални услуги со Општините Гази Баба и Шуто Оризари и истите беа одобрени од Министерството за Труд/ финансирани од Светска Банка.

- Учествувавме во работна група на МТСП при изработкана Правилник за Центар за поддршка на Згрижувачки Семејства, Правилник за Установи и Правилник за куќа на пола пат

- Организиравме Годишен настан ‘‘ Едно Семејство’’, со покровителство на сопругата на Претседателот Г-ѓа Елизабета Георгиевска и Австрискиот Амбасадор др. Георг Вуцас, на која се заблагодаривме на нашите посветени корпоративни партнери и донатори.

# 3. Краток преглед на клучните програми

Активностите во СОС Детско село се спроведуваа преку Приватната установа за социјална превенција и грижа за родители и деца, преку 8 програмски едници и 4 различни програмски интервенциии придонесоа за подобрување на услугите за социјална превенција и заштита во градот Скопје.

1. **Советодавен центар за родители и деца – Гази Баба (социјална превенција)**
2. **Советодавен центар за родители и деца – Гази Баба (социјална превенција )**
3. **Единица за Организирано живеење со поддршка – грижа за млади - Влае**
4. **Единица за Организирано живеење со поддршка – грижа за млади – Железара**
5. **Единица за Организирано живеење со поддршка – грижа за млади – Бардовци**
6. **Единица за Организирано живеење со поддршка – грижа за млади – Радишани**
7. **Програма за поддршка на Згрижувачки семејства и деца – Ченто**
8. **Програма за социјална интеграција на Млади**

СОС Детско село Скопје обезбедува интегрирани услуги, интервенции и активности во 3 општини во главниот град Скопје - Гази Баба, Шуто Оризари и Карпош. Во 2020 година Ковид 19 имаше извонреден притисок врз животот на нашите корисници, но исто така и врз начинот на кој ги обезбедуваме нашите услуги.

Низ единиците на програмата за алтернативна грижа, во 2020 година обезбедуваме квалитетна грижа за вкупно 158 деца и млади без родителска грижа. 10 деца беа примени во АГ во 2020 година и вкупно 14 корисници излегоа од грижа. 100% од младите, односно 9, беа самостојни кога ја напуштија програмата.

Единици на програмата за зајакнување на семејството, поддржаа 79 семејства, 221 дете и 137 родители. Во текот на 2020 година, 41 семејство беа примени и 12 семејства излегоа од ФСП, 7 со самостојност. 64% од семејствата кои се самостојни при излегување од програмата.



# 1

# НАЦИОНАЛЕН КОНТЕКСТ И ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ

## 1.1 Општ опис на националниот контекст

Република Северна Македонија на 18 март 2020 годинапрогласи вонредна состојба на целата територија на земјата. Владата усвои три пакети на политички мерки за справување со негативните последици од КОВИД-19, дизајнирани дасе справат со четири примарни ризици: ризик за ширење инфекции; економски ризик, вклучувајќи загуба на приход и влошување на квалитетот на животот за најранливите граѓани; ризик од нарушен пристап до услуги; и ризик од влошување на процесот на образование. СОС ДС, во согласност со упатствата на Владата, ги презеде сите мерки за спречување и заштита од КОВИД 19 за сите вработени и корисници.

Министерството за социјална политика во 2020 година значително се фокусираше на развој на подзаконски акти што треба да ги утврдат стандардите и нормите за лиценцирање на социјалните услуги. СОС ДЕТСКО СЕЛОактивно учествуваше во изработката на овие подзаконски акти и се очекува дека тие ќе бидат донесени до Април 2021 година и ќе овозможат трансформација на СОС ДС-програмите во согласност со новите законски решенија.
Владата на Р. Северна Македонија ги усвои Стратегијата и акциониот план за спречување и заштита на децата од насилство во земјата. Претставници од Министерството за труд и социјална политика и други министерства, какои канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје и други граѓански организации учествуваа во подготовката.

СОС ДЕТСКО СЕЛО е член на Советот за спречување на насилство и активно учествуваше во изработката на стратегијата и акциониот план. Како партнер на мрежата на младински организации „Коалиција СЕГА“, Форум на жени Тетово и Волонтерски центар Скопје, СОС ДЕТСКО СЕЛОе вклучено во развојот на проект што беше прифатен од Европската комисија. Проектот ќе изгради компетенции и поволно опкружувањеза поголемо учество на младите, но исто така ќе обезбеди превенција и механизми за справување со сајбер насилство.

Министерството за труд и социјална политика (МТСП) во 2020 година за прв пат објави јавен повик за доделување на 10,8 милиони евра за општините во земјата за подобрување и развој на социјалните услуги. Развојот на социјалните услуги ќе се финансира преку „Проектот за подобрување на социјалните услуги“, обезбеден преку заем од Светска банка, но и преку проекти финансирани од ЕУ. МТСП во процес на доделување финансиска поддршка за воспоставување нови услуги во 24 општини. СОС Детско Село ја искористи оваа можност со општините Гази Баба и Шуто Оризари и поднесе заедничка апликација за кофинансирање на постојните проекти Во 2020 година, МТСП донесе Методологија за утврдување на цените на услугите во зависност од стандардите и нормите за обезбедување социјални услуги и донесе одлука за утврдување на цените на социјалните услуги за 2020 година. Ова обезбеди континуитет во субвенционирањето на СОС програмата за грижа за млади и се отвори можности за нејзина одржливост.
Министерството за труд и социјална политика, со Одлуката за утврдување на цените на социјалните услуги за вон-семејна заштита за 2020 година, го зголеми месечниот додаток што го добива згрижувачко семејство за згрижено дете за окулу 30 проценти. Новиот закон за социјална заштита воведе можност за роднинска грижа како алтернативна опција на грижа. Ова право на социјална заштита е достапно за 224 згрижувачки семејства. Ова решение ги зголемува надоместоците за трошоците за згриженото дете, но не и надоместокот за Згрижувачот Ова е основа за идните активности за застапување за да се обезбеди пристоен надоместок за згрижувачките родители посебно што мотивацијата за да се стане згрижувач е на многу ниско ниво во нашата држава.

Донесувањето на Законот за заштита и спречување на дискриминација беше победа за сите граѓани и еднаквост. Законот, со вклучување на основите на сексуалната ориентација и родовиот идентитет ја прошири заштитата од дискриминација на сите граѓани.
Со техничка помош на УНИЦЕФ и финансиска поддршкана Британската амбасада во земјата, беа обезбедени двајца експертиод Велика Британијазаунапредувањенаѕгрижувањето во згрижувачки семејства. Во таа насока беше спроведенаи онлајн обука за зајакнување на капацитетот на системот за социјална заштита за проценка, подготовка и континуиран развој и поддршка на згрижувачките семејства. Претставници на МТСП, СОС Детско село, Заводот за социјални активности, Центрите за социјална работа и други социјални институции и граѓански организации од земјава, со долгогодишно искуство во областа на грижата за децата, се здобија со нови знаења и информации за современите европски практики поврзани со згрижувањето.

''Центар за поддршка на згрижувачки семејства" е една од нашите стратешки цели и во согласностсо меѓународните и локалните ДЕИ процеси на системот за социјална заштита.
Во областа на деинституционализацијата, постигнат е посебен напредок во преместувањето на децата од социјалните институции за долгорочно сместување во службите во заедницата, т.е. групни домови. Во 2020 година, бројот на деца сместени во услуги во заедницата е 256. До 2020 година, основани се вкупно 20 нови групни домови за деца низ целата земја: Скопје (12), Битола (5), Неготино (2) и Штип ( 1), кои до септември 2020 година обезбедија 24-часовна грижа за вкупно 87 деца, вклучително и 15 деца со попреченост. Вработените во групните домови, некои претходно вработени во институции, добија соодветна обука за новиот начин на работа, како важен предуслов да не се пренесе „институционалната култура" во групните домови во заедницата. СОС ДЕТСКО СЕЛО спроведе обука на некои од овие вработени за згрижување на деца врз основа на PRIDE моделот на практика. Повеќе од 60 деца
- поранешни корисници на институциите беа сместени во згрижувачки семејства или кај посвоители.
UNDP во земјата, како значајна развојна мрежа ја насочи својата работа во областа на вработувањето како што се: Програма за самовработување, Програма за корисна работа на општините и во моментов е вклучена во процесот на деинституционализација на институцијата за рехабилитација во Бања Банско. Покрај тоа, преку Швајцарската агенција за соработка, тие учествуваат во проектот што ја охрабрува вработливоста на ранливите категории. СОС ДЕТСКО СЕЛО заедно со општина Гази Баба активно ја користи мерката за „општокорисна работа" и со тоа се обезбедуваат можности за вработување на млади.

## 1.2 Клучни партнери на национално ниво

| Име на партнер | Опис на партнерството | Напредок во минатата година | Ефективност на партнерството (придонес кон резултатите) | Потпишан формален договор |
|---|---|---|---|---|
| Министерство за труд и социјална политика | Главен орган за Социјална работа и политики и регулаторна социјалните услуги | Потпишан АНЕКС на Управниот Договор | Лиценцирани услуги за грижа на млади и зголемено финансирање | Да |
| Општина Гази Баба | Партнер во доставување услуги соДоделени просторни ресурси на СОС за работа со период од 15години (од 2015 до 2030 година) 350м2 | Заедничка апликација до Министерството за труд за финансирање на Советодавниот центар | Одобрена апликација со Министерствотоза 2021 година / Договорот сè уште не е потпишан, но треба да биде до јуни 2021година | Да |
| Општина Шуто Оризари | Партнер во ромската заедница за обезбедување на ПСП - координација со други граѓански организации и потребина корисниците | Заедничка апликацијадо Министерството затруд за финансирањена Советодавниот центар. | Одобрена апликација со Министерството за 2021 година / Договорот сè уште не е потпишан, но треба да бидедо јуни 2021 година | Меморандум за соработка |
| МЗМП - Македонско здружениена млади правници - НВО | СОС беше партнер во заедничка апликација на ЕУ | Спроведување на заеднички проект на ЕУ | Зголемен капацитет за психолошко советување работии помагање на 82 жртви на семејно насилство | Да |
| YEEP / BMZ партнери Младинска коалиција SEGA – CSO | ГО кои работат со млади, делуваат како засилувачи на активностите на YEEPсо млади во градот Прилеп | Потпишан договор за финансирање од 1 јуни 2020 година за 24 месеци | СЕГА соработуваше со 50 млади лица во ризик за нивната интеграција на пазаротна трудот, придонесувајќи во целокупната цел на регионалниот проект YEEP | Да |
| YEEP партнер / BMZ Младински културен центар - SEGA – CSO | SEGA – CSO кои работатсо млади, делува како множење на активностите на YEEPсо млади во градот Битола | Потпишан договор за финансирање од 1 јуни 2020 година за 24 месеци | МКЦ работеше со 50 млади лица во ризик за нивната интеграција на пазарот на трудот | Да |
| Агенција за вработување | Поддршка при вработување на млади | Тековна поддршка заснована на меморандум за разбирање | Размена на бази на податоци за невработени млади, годишно информирање за мерките на Владата | Да |

# 2

# АНАЛИЗА НА РАБОТАТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

## 2.1 Статус на имплементација на стратегијата



### 2.1.1 Алтернативна грижа

**Достигнувања**

Главните случувања во алтернативната грижа беа во две насоки и двете водеа кон отворање на можности за трансформација на Установата СОС Детско Село Скопје во  Центар за поддршка на згрижувачки семејства (ЦПЗС) и Советувалишта за услуги. Надворешната насока беше кон обезбедување соработкасо властите за дефинирање на под-законоските акти за регистрација и лиценцирање. СОС Детско Село како член на работната група за изработка на правилниците за Центар за поддршка на згрижувачки семејства, Правилник за Установии Правилник за куќа на пола пат, активно учествувашево креирањето на нормите и стандардите потребни за воспоставување на овие нови услуги.

Внатрешната насока беше кон зајакнување на методолошкиот и организацискиот пристап преку миграција во новата програмска дата база за корисници, самоевалуација на CARE PROMIE, воведување прирачник за препознавање знаци на самоубиствено однесување, воведување на методологии за менторство за напуштање на грижа и психо-педагошка работа со деца.

Позиционирањето на СОС ДЕТСКО СЕЛО во системот на социјална заштита беше зајакнато и со развивање на национален концепт за чување на податоци според упатствата на СОС ДЕТСКИ СЕЛА Интернационал.

**Предизвици**

Бројот на згрижувачки семејства и на поддржани деца се намали (планирани беа 14 згрижувачки семејства но грижа имаше само во 12 семејства со згрижени 49 деца, првенствено поради тешкотии во навремената замена на двајца пензионирани старатели. Интересот за станување згрижувачки родител во КОВИД - 19 кризата беше многу мал, но поради помалиот број на барања од Центрите за Социјална работа за сместување во алтернативна грижа, предизвикани од пандемијата, капацитетите на СОС Детско Село за згрижување, беа доволни за потребите на системот за социјална заштита.

Интервентното згрижување во 2019 беше привремено недостапно (пензионирање на родител за интервентно згрижување ) но ќе биде воспоставено во 2021 година по регрутирање на нов родител за згрижување.

Иако беше планирано, финализирањето на националниот концепт за згрижување и рамката заснована на резултати ( Result base Management) беше одложено заради доцнењето во развојот на националното под законодавство и ќе заврши заедно со регистрацијата на оваа услуга според новиот правилник.



## 2.1.2 Зајакнување на семејствата

**Достигнувања**

Со цел да се продолжи со лиценцирање на програмата за зајакнување на семејството,
СОС Детско Село Македонија ја помогна работата на Министерството за Труд и Социјална работа во областа на развој на под-законодавството, преку ангажирање надворешни консултанти за подготовка на правилници со стандарди и прописи за воспоставување советодавни центри. Правилникот е работен со активно учество на СОС ДЕТСКО СЕЛОи неговото конечно одобрување се очекува во 2021 година.

Во рамките на внатрешните процеси, беше обезбедено освежување на програмата за Родителство и новите колеги беа запознати со оваа методологија. Истовремено, методолошкиот пристап беше зајакнат со транзитирање кон PDB2, самооценување на CARE PROMISE и позиционирање на програмата за зајакнување на семејството во националниот концепт за ‘’gate keeping’’.
Според потребата да се одговори на пандемијата КОВИД-19, беа доставени три дополнителни хуманитарни проектни апликации. Едната беше финансирана од Влада на СРМ, а другите две од HGFD, кои го зголемија обемот на работа со дополнителни 97 семејства со што бројот на поддржани семејства се покачи на 357 семејства од планираните 260. Поддршката беше фокусирана на психолошко советување, едукативна поддршка, лаптопи и интернет врски за следење на онлајн образовниот процес, социјални услуги, храна и санитарни пакети. Двајца дополнителни вработени и двајца професионалци беа ангажирани за советодавна работа, социјална работа и едукативна поддршка. Персоналот успешно ги испорача услугите и годишната анкета за задоволство покажа многу високо ниво на задоволство кај корисниците (4,44 од 5), иако услугите беа ограничени и прилагодени заради мерките КОВИД-19.

Посебен акцент беше ставен на образовната поддршка на децата и програмата за зајакнување на семејството успеа да го задржи истото ниво на образовниот успех на децатакако и минатата година - 74% од децата имаа задоволителни образовни резултати. Мерката за НЕЕТ вклученост на децата во образование се намали од 33% во 2019 година на 18,4% во 2020 година најмногу поради зголемената свест кај родителите и децата за важноста од продолжување на образованието во средните училишта.

**Предизвици**

Поради КОВИД - 19 мерки за превенција и ограничување, пилотирањето на програмата СФП беше одложено за 2021 година. 64% од 75% од семејствата што ја напуштија програмата достигнаа самостојна поддршка. Во Советодавните центри, флуктуацијата на семејствата беше помала од планираната поради ограничувања на персоналот заради КОВИД-19 и само две семејства ја напуштија програмата со 50% самостојна поддршка (едно семејство беше комплетно осамостоено).

Иако беше планирано, финализирањето на националниот концепт за зајакнување на семејството и рамката заснованаврз резултати беше одложена заради доцнењето во развојот на националното подзаконско регулативо и ќе заврши заедно со регистрацијата на оваа услуга според новиот правилник.



## 2.1.3 Грижа за младите и можности за вработување

**Достигнувања**

По лиценцирањето на програмата за Грижа за млади во „Организирано живеење со поддршка“,беа спроведени следниве активности за зајакнување на квалитетот на грижата за СОС грижата за млади: миграција на податоците за корисниците во новата програмска дата база, самоевалуација за CARE PROMISE, воведување прирачник за препознавање знаци на самоубиство однесување, воведување на методологии за менторство за напуштање на грижа и психо-педагошка работа со деца. Методологиите за менторство за напуштање на грижата и психо-педагошката работа со деца заедно со прирачниците беа добро прифатени од соработниците за грижа и нивната перцепција за корисноста на материјалите по обуката беше многу висока. Зајакнувањето на вештините за вработување беа во фокусот на оваа услуга и сите корисници на младинските куќи беа вклучени во различни активности обезбедени од проектот BMZ YEEP и тие покажаа подобрување на нивниот живот и вештини за вработување.

2020 година донесе зголемување на образовните перформанси (од 63% на 77% од младите имаа задоволителни образовни перформанси). Неколку фактори влијаеа на ова зголемување: самото образование преку Интернет; младите имаа поголем фокус на едукација преку Интернет, поради недостаток на можности за дружење или учество во други активности надвор од училиштата, поради ограничувањата на КОВИД-19; Интензивирана образовна поддршка обезбедена од соработниците за грижа заради нивниот поголем увид во потребите и празнините на младите; Дополнителна едукативна поддршка при учење преку Интернет од страна на волонтери од Проектот - Финансирање на опрема за ИКТ за учење преку Интернет за време на кризата Ковид-19.

Развиена е рамка за грижа на младите заснована на резултати, во согласност со индикаторите за програмската дата база, а base line анализата ќе се добие во 2021 година. Преземени се активности за подготовка за надградба на концептот за грижа за млади (превод на Водич, вовед и работилница со млади) со цел да се постави основа за поголем развој на ова поле во следната година.

Беа истражени можностите за регистрирање на Програмата за Полунезависно живеење на млади, како посебна услуга во рамките на националното законодавство и беа ангажирани надворешни консултанти во подготовката на под-закононските акти за воведување на нова услуга - куќа на половина пат. По конечното одобрување од МТСП на овој правилник и правилникот за Советување, СОС ДЕТСКО СЕЛО ќе одлучи кој модел е најпогоден за регистрирање на оваа услуга и ќе назначи одговорен координатор за оваа услуга. Во 2020 година 9 млади лица ја напуштија оваа Програмата за Полунезависно живеење кои успешно се интегрираа во заедницата.
на СОС ДЕТСКИ СЕЛА Интернационал.

**Предизвици**

Бројот на млади луѓе кои не се вклучени во образование, вработување или обука се зголеми и од 10,3 на 25,8 во МСЗ (SIL) најмногу заради големиот број млади луѓе кои останаабез работа во КОВИД- 19 и ограничувања на пандемијата. Неповолната државна политика за домување ги загрози нивните напори за обезбедување стабилно домување. СОС Детско село планира да преземе разни активности за директна поддршка и застапување за да обезбеди поддршка на младите за домување и побрзо оосамостојување.



## 2.1.4 Застапување

**Достигнувања**

Во 2020 година продолжија активностите поврзани со поддршката на процесот ДЕИ и развојот на подзаконските акти за социјални услуги признати во законот за социјална заштита. Дадовме сериозни придонеси за Правилникот за Центар за поддршка на згрижувачки семејства, кој во втората половина на годината беше усвоен од министерот за труд и социјална политика. Со поддршка на консултанти ангажирани од СОС ДЕТСКО СЕЛО активно учествувавме во подготовка на и на други подзаконски акти ( Правилник за Советување, Куќа на пола пат и др)

Преку учество во „Советот за соработка и развој на граѓанскиот сектор во Р. Северна Македонија" при Генералниот секретаријат на Владата, придонесовме со предлози за обезбедување поволно опкружување за развојот на граѓанските организации и можности за стабилност и одржливост на граѓанските иницијативи.

СОС ДЕТСКО СЕЛО достави иницијатива за изменување и дополнување на законот за социјална заштита, со кој се предлага зголемување на надоместокот за згрижувачите, сошто ќе се обезбеди достоинствен надомест за згрижувачки семејства. Во исто време, ќе ги мотивира потенцијалните лица кои имаат висока внатрешна мотивација да бидат вклучени во грижата за децата без родителска грижа. Ова ќе резултира со зголемување на бројот на згрижувачки семејства и ќе привлече и невработени лица чија грижа за децата може да биде двојна придобивка (приход и грижа за децата).

**Предизвици**

Пандемијата КОВИД 19 ги намали и ограничи шансите за влијание врз застапувањето. Владините службеници не беа во можности да создадат клима за промена на законскитерешенија. Владата го постави приоритет да се справи со пандемијата на КОВИД 19. Многу ресурси се пренасочени кон насочување на популациската поддршка во превенцијата и заштитата на КОВИД 19. Покрај тоа, сериозни активности за застапување бараат дополнителни инвестиции во човечки ресурси, како и партнерства во лобирање за да се постигнат целите. Организацијата има малку човечки ресурси и буџет фокусиран на областа застапување во споредба со други организации бидејќи наш прв приоритет се програмите и услугите кон корисниците. Неопходно е да се унапреди застапувањето на ниво на организацијата кое ќе се фокусира на Зајакнување и зголемување на градење стратешки партнерства за постигнување на стратешките цели на СОС Детско Село.






## 2.1.5 Човечки ресурси

**Достигнувања**

Бројот на вработени до 31.12.2020 година изнесуваше 86, вклучувајќи ги сите тековни програми и проекти во имплементација а бројот на професионалци за директна грижа на деца и млади беше 46. Фокусот на полето на човечки ресурси за 2020 година беше во подготовката на политиките, упатствата и законските прилагодувања. Во првата половина од годината се одржа обука за менаџирање на стрес во време на криза какои преземени беа мерки за поддршка на вработените за време на пандемијата Ковид 19.

Политика за Отпременини и намалување на Човечките ресурси е усвоена од Управниот Одбор а истотака се работеше и на унапредување на Платната скала со цел да се задржи конкурентската предност на организацијата.

